Врз основа на Програмата за општа туристичка пропаганда и подобрување на условите за престој на туристите во градот Скопје за 2018 година.(„Службен гласник”на Град Скопје бр.2,3/2011 година), Град Скопје објавува:

**КОНКУРС ЗА ОТКУП НА ФОТОГРАФИИ**
**НА ТЕМА: ТУРБЕ / ЏАМИЈА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Право на учество на Конкурсот имаат сите заинтересирани правни и физички лица, согласно утврдените барања:

1. Доставените, фотографии треба да се изработени во дигитален **ТИФ(TIF) формат, со висока резолуција, подготвени за печатење,**
2. Фотографиите не треба да бидат постари од (1) една година,
3. Фотографиите не треба да се претходно објавувани во весници, каталози, списанија или да учествувале на други конкурси,

**Техичко-уметнички критериуми**

- ***Целосно почитување на барањата од горенаведените точки.***

- ***Естетика на фотографијата***.(Фотографијата ќе се оценува според композицијата.Начинот на којшто се вклопени фотографираните елементи, кои треба да прават успешна целина во уметничка смисла).

- ***Светлото во фотографијата*** .(Фотографијата не треба да биде премногу темна , нити премногу светла.Фотографијата мора да има доволно видливи детали).

- ***Напредни естетски детали***-(тоналитет, форма, текстура, ритам, баланс,движење и сл).

- Максимален број на откупени фотографии е 3 ( три ), по цена од 7.500,оо (седумилјадиипетстотини) денари бруто по фотографија.

- Град Скопје ќе склучи договор на свој трошок со учесниците на Конкурсот од кои ќе бидат откупени фотографиите, со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски во согласност со важечките прописи во Република Македонија а особено прашањата за регулирање на авторските права.

- Доставените фотографии што нема да бидат откупени ќе може да се подигнат во рок од еден месец по објавувањето на резултатите од Конкурсот.

- Изборот на фотографиите ќе го изврши Комисија формирана од Град Скопје, според критериумите утврдени во Конкурсот

.

Секој кандидат своите фотографии треба да ги достави на ЦД, во затворен плик на кој на горниот лев агол треба да стои ознаката "не отворај", а во средината треба да биде назначена точната адреса на примачот. Надворешноста на пликот не смее да содржи никакви ознаки за испраќачот. Во затворениот плик треба да има уште два затворени и запечатени плика, од кои едниот со ознака "предлог" под шифра, а другиот со документација со иста шифра ја содржи документацијата и идентификацијата на испраќачот.

Адресата на која треба да се доставaт предлог фотографиите е:

**Град Скопје**
**Сектор за локален економски развој**
**бул. „Илинден" бр. 82, 1000 Скопје**
**Со назнака „за Конкурсот за откуп на фотографии"**

**Или лично, во Архивата на Град Скопје.**

За дополнителни информации заинтересираните можат да се обратат на тел. (02) 3297-218, секој работен ден од 8.30 до 16.30 часот, или во просториите на Град Скопје, барака бр. 6, канцеларија бр. 1 - Одделение за туризам.

- Конкурсот трае 7 дена, од денот на објавувањето.
- Пријавите за Конкурсот кои нема да бидат доставени во наведениот рок нема да бидат земени во предвид.

**ГРАД СКОПЈЕ**